Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-260/4
07.07 202 1 год.
СКОПЈЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по преставката со архивски број 0801-260/1 од 26.08.2019 година поднесена од [redacted] од Делчево, против Министерот за внатрешни работи за сторена дискриминација во областа на работните односи, врз основа на член 21 став 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 06.07.2021 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

***Не се утврдува дискриминација по ниту еден основ од страна на Министерот за внатрешни работи врз*** [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за заштита од дискриминација е поднесена Претставка бр. 08-260/1 од 26.08.2019 година поднесена од [redacted] од Делчево, против Министерот за внатрешни работи.

Во претставката подносителот наведува дека е вработен во МВР од 2007 година и по решение е [redacted] Исток во Делчево, но од 06.03.2018 година со наредби издадени од страна на Министерот за внатрешни работи е на извршување на работи и задачи различни од работните задачи кои му се по решение. Имено во период од 06.03.2018 година со Наредба во ДОЦ при РЦ за РГ Исток Делчево како самостоен Инспектор-главен дежурен од Септември 2018 како инспектор- Раководител на смена на ПС за ГП и ГН Делчево, а од 03.07.2019 година со Наредба од Министерот за внатрешни работи се задолжува да извршува работни задачи на работно место помлад инспектор водич на безбедносен реон во ПСОН Струмица.

Анализирајќи ги фактите, Комисијата не најде факти за сторена дискриминација од страна на Министерот за внатрешни работи со честите решенија за извршување на работи во друга организациона единица. Предметните наредби се издадени врз основа на одредбите од член 154 од Законот за внатрешни работи каде е утврдео правото на Министерот за внатрешни работи да издаде наредба со која ќе му нареди на работникот да врши работи во друга организациона единица. Ваквите наредби се издаваат заради извршување на итни, неодложни и специфични задачи чиј обем, сложеност и времетраење ги надминува расположливите ресурси на одредена организациона единица.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.05.2021 година се обрати до МВР со барање за произнесување по преставката и на 21.06.2021 година доби одговор со известување дека по извршувањето на последната наредба и потребата од ангажирањето на [redacted] истиот е вратен на работно место на кое бил распореден со решение [redacted] Исток. Исто така, во одговорот е напоменето дека [redacted] за целиот период додека со наредба извршувал работи и задачи, му била исплатена поповолна плата, односно плата од работно место Началник на одделение.

Комисијата во конкретниот предмет, според поднесените факти и докази, смета дека е очигледно дека не постои дискриминација, поради што одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Весна Бендевска

Скопје
Комисија за спречување и заштита од дискриминација